ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2004/5
19-11-2024

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 10-та седница одржана на ден 08.11.2024 година донесе

*ОДЛУКА*

Постапката по предмет со бр.08-2004/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-2004/1 од 19.07.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со бр.08-2004/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК изврши увид во својата евиденција и констатира дека лицето ______________ во законски предвидениот рок по избор на функцијата _______ во _______________ не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и истите ги достави до __________. Истиот на ден 11.09.2024 година ја платил глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Изготвил:** К.Б, соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т.М., советник
**Одобрил:** С.С.М, член

**Претседател,**
**Татјана Димитровска**